**8 октомври, 2015 г. – Со задоволство ве информираме околу добивањето на дозвола за градба за рударскиот комплекс за катоден бакар „Казандол“**

Со цел да се добие дозвола за градба, "Sardich MC”, во соработка со „Empiria EMS“[1], го подготви Проектот за проценка на влијанието врз животната средина и го предаде на разгледување на Министерството за животна средина и просторно планирање на 27 јануари, 2015 г. Може да пронајдете повеќе детали за постапките за подготовка и прегледување на Проектот во нашето медиумско соопштение за согласноста со Проектот за проценка на влијанието врз животната средина (EIA) од 2 јули, 2015 г.

Подготовката на државната урбанистичко-планска документација се одвиваше паралелно со прегледувањето на Проектот EIA за изградба на рударскиот комплекс за производство на катоден бакар „Казандол“. На 20 мај, 2015 г. тој комплет документации беше усвоен со Одлука[2] на Министерството за транспорт и врски.

Друг важен чекор во постапката за добивање на дозвола за градба беше подготовката, прегледувањето и потпишувањето на договорите[3] за долгорочно давање под закуп на градежно земјиште со Министерството за транспорт и врски. Вкупната површина под закуп изнесува 2 787 426 $m^2$.

Во соработка со “Jord”[4], кои ги поседуваат сите потребни дозволи за проектирање на слични градежни објекти, “Sardich MC” подготви Основен проект за градба за рударскиот комплекс за производство на катоден бакар „Казандол“. Проектот ги помина сите строги и соодветни ревизии од Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија, Заводот за испитување на материјали и развој на нови технологиии и од Министерството за транспорт и врски.

По комплетирањето на потребната документација, “Sardich MC” достави барање до Министерството за транспорт и врски за издавање на дозвола за градба на 24 август, 2015 г. Врз основа на прегледаните документи и потврдата за платен надомест на Општина Валандово за градежното земјиште, Министерството за транспорт и врски издаде дозвола за градба[5] на *8 октомври, 2015 г.* Со таа дозвола, Министерството за транспорт и врски потврдува дека Основниот проект за градба е во согласност со првичната документација за дозволата, урбанистичките планови и постојните законски прописи на Република Македонија.

---

[1] “Empiria EMS”, македонска сертифицирана компанија, експерти за македонски и европски законски норми, стандарди и за најдобра достапна технологија во однос на заштитата на животната средина. Компанијата има сработено бројни проекти, стратешки документи, проекти за проценка на влијанието врз животната средина и проекти за просторно планирање.

[2] Одлука за усвојување на документацијата за државното урбанистичко планирање од Министерството за транспорт и врски, број 24-8317/1 од 20.5.2015 г.

[3] Одлука за долгорочно издавање на земја под закуп, број 29 UP-285 од 4.8.2015 г. Одлука за долгорочно издавање на земјиште под закуп, број 29 UP-284 од 4.8.2015 г.

[4] “Jord”, македонска лиценцирана компанија основана во 1992 г., вклучена во проектирање и набљудување на градежни објекти од А и Б категорија. Компанијата го подготви Основниот проект за градба на комплексот за производство на катоден бакар „Бучим“, Радовиш, Република Македонија.

[5] Дозвола за градба од Министерството за транспорт и врски, број 27 UP-323/15E од 8.10.2015 г.